# Општина Гази Баба

ГРАЃАНСКИ ИНФОРМАТОР | ЈУНИ 2023



## КРЕИРАМЕ

## МОДЕРНА И СПОРТСКА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНИ МРЕЖИ

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ САЛИ

## Почитувани граѓани,



Отворена и транспарентна општина Гази Баба е една од целите на моето работење. Во таа насока во изминатиот период од година и половина од мојот мандат како градоначалник на Општина Гази Баба воведовме голем број на нови алатки преку кои ќе го слушнеме Вашето мислење за нашата работа.

Пред Вас се наоѓа првиот број на новиот “Граѓански информатор” од кој ќе се информирате за тоа што Општина Гази Баба реализираше во изминатиот период.

А, работевме навистина многу.

2023 е година на голем инфраструктурен развој за Општина Гази Баба. Оваа година за прв пат по 50 години започна со изградба новата училишна сала во општинското основно училиште „Наум Охридски“ во Булачани, додека учениците од општинското основно училиште „Кирил и Методиј“ веќе два месеци часовите по физичко и здравствено образование ги одржуваат во новата фискултурна сала која ја пуштивме во употреба.

„Изградивме нов спортски центар „Иван Илиев“ во Стајковци, а наскоро комплетно нов спортски центар ќе добие и Хиподром на местото на поранешното училиште „Вера Јоциќ“.

Започнавме трка со времето. Се зафативме со решавање на децениските проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Во првите четири месеци од новата година, започна со изградба нова мрежа на фекална канализација во должина од 9 километри.

Реализираме проекти и во патната инфраструктура. Се асфалтираа улици во Булачани, Ченто, Трубарево, Кирил Петрушевски и други населени места, а пред нас следува период во кој ќе се асфалтираат над 40 локални улици во сите населени места низ општина Гази Баба.

Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 прерасна во вистински сервис на граѓаните. Денес ЈКП Гази Баба успешно управува со водоводните системи во руралните делови на општината, а истовремено успешно се грижи и за комуналната хигиена во сите населени места во нашата Гази Баба. Оваа година ЈКП Гази Баба добива и најсовремен оперативен центар, прв од ваков тип во Република Македонија.

Почитувани сограѓани,

Искрено верувам дека Вашата доверба, заедно со моето знаење и ентузијазам ќе придонесе од Гази Баба да направиме еколошки чиста, инфраструктурно развиена и урбана општина. Само сплотени и заедно ќе успееме да создадеме подобри услови за нашите граѓани да имаат достоинствен и просперитетен живот.

*Со почит,*

Градоначалник на општина Гази Баба
м-р Бобан Стефковски

## НОВА ФИСКУЛТУРНА САЛА "БОБАН ИВАНОВИЌ"





Учениците и жителите од н.м Стајковци, после 50 години добија нова фискултурна сала со најсовремена опрема во рамките на основното училиште „Св.Кирили Методиј".

Фискултурната сала го носи името на Бобан Ивановиќ, македонски херој кој го загуби животот во одбрана на Република Македонија за време на настаните во Диво Населе.

Овие инфраструктурни зафати значат овозможување на учениците да имаат услови за современа настава и можности за спорт и рекреација. Вкупната вредност за изградба на фискултурната сала изнесува 20.760.264,00 денари.




## Стајковци доби нов спортски центар "Иван Илиев"

Населеното место Стајковци доби нов спортски центар кој се состои од спортски терен на подлога од вештачка трева, како и ново кошаркарско игралиште на подлога од асфалт.

Истовремено се направи и реконструкција на детското катче, кое е во рамките на спортскиот комплекс, кој го носи името на Иван Илиев, дете од населеното место Стајковци кое го загуби животот во поплавите во 2016-та година.

Вредноста на проектот кој вклучува изградба на ново кошаркарско игралиште, реконструкција на фудбалско игралиште, детско игралиште и пристапни патеки е со износ од 2.500.000,00 денари.








## ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА НОВА СПОРТСКА САЛА ВО ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" ВО БУЛАЧАНИ

Започнавме со реализација на нов капитален проект во Општина Гази Баба, градиме нова училишна сала во ООУ "Наум Охридски" во н.м Булачани, каде по 60 години училиштето ќе има сопствена спортска сала за користење.

Салата има зафатнина од 550 метри квадратни, наменета за организација на секаков вид спортски настани и активности. Вкупната вредност на проектот за изградба на спортската сала изнесува 32 милиони денари.

На поставувањето на камен темелникот за изградба на новата спортска сала, градоначалникот Бобан Стефковски истакна дека инвестирајќи во образованието и во спортот, инвестираме во нашата иднина. Со подобрување на условите за младите, вложуваме во силни и здрави генерации кои што ќе бидат иднина на нашата држава.

Од особена чест за нашата општина беше присуството на Архепископот Г.Г. Стефан, кој ги освети темелите на овој објект.














## ГОЛЕМ МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ПАРК ВО ТРИАНГЛА

Во н. Триангла изградивме голем мултифункционален парк на површина од 2000 м², во чии рамки има комплетно хортикултурно уредување, патеки со павер елементи, ново улично осветлување, поставена е урбана опрема, летниковец и повеќефункционална фонтана.

Поставивме и повеќе реквизити за детска забава и фитнес зона на отворено, додека пак на другиот крај од паркот е лоциран паркот за милениچиња.

Со изградбата на мултифункционалниот парк направивме урбанизација на овој простор, место каде во минатото често се депонираше отпад.





Мултифункционалниот парк за жителите на Триангла, Маџари но и за цела општина претставува нов уреден простор за одмор и рекреација.






Изградбата на овој парк се реализираше во соработка со општествено одговорна компанија.

# ГАЗИ БАБА СЕ ГРИЖИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ



## ИЗГРАДЕНО ДЕТСКО КАТЧЕ ВО ЧЕНТО



Ново детско катче за жителите од улица „Сава Михајлов“ од н. Чento обезбедивме ново детско катче каде се поставени реквизити по најсовремени стандарди за забава на децата.

Исто така, при овие градежни зафати извршена е и реконструкција и уредување на спортското кошаркарско игралиште, со што го подобривме изгледот на овој простор.

Изминатиот период, во сите населени места, интензивно се работи на поставување детски катчиња изработени по најсовремени стандарди и тој тренд ќе продолжи и во иднина со цел овозможување подобри услови за безгрижно детство на нашите најмили.



## ДЕТСКО КАТЧЕ ПО НАЈМОДЕРНИ СТАНДАРДИ ВО РАМКИТЕ НА ГРАДИНКАТА „МОРКОВЧЕ“

Изградивме ново детско катче во н.м Јурумлери во рамките на објектот Морковче, кој е дел од детската градинка „25 Мај“.

Создадовме простор на кој децата ќе може да го поминуваат поголемиот дел од времето. Игралиштето содржи лизгалки, клацкалки, лулашки и многу други реквизити според најсовремени стандарди, кои ќе им служат за забава и дружење на сите деца од ова, но и од околните населени места.

## ДЕТСКО И СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СОСТАВ НА НОВИОТ ЗЕЛЕН ПАРК ВО ЧЕНТО

На површина од 5000 м² во н. Чento, веднаш до основното училиште „Крсте Мисирков“ Општина Гази Баба во соработка со ЈП „Паркови и зеленило“ изгради комплетно нов зелен парк, а во рамките на паркот од страна на општината се изгради и ново детско катче на современа тартан подлога. А извршена беше и комплетна реконструкција на постоечкото кошаркарско игралиште. Околу целиот овој простор беа изградени и асфалтирани пристапни пешачки патеки и беше поставена урбана опрема.







# Гази Баба се грижи за своите граѓани

## ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СЕКОЕ ПРВООДЕЛЕНЧЕ

Општина Гази Баба доделува еднократна парична помош од 3000 денари на секое семејство, кое во тековната година имаат дете запишано во прво одделение во сите основни училишта на територија на општината.




Родителите на првачињата запишани во некое од училиштата на територија на Општината можат да поднесат барање за еднократната парична помош до архивата на општина Гази Баба.



## ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНЧЕ

Од 01 јануари 2022 година започнавме со доделување на еднократна парична помош од 5000 денари, за секое семејство од општината кое има новороденче.

Целта на овој проект е стимулирање на наталитетот во Општина Гази Баба и поддршка на младите родители.

Право на еднократна парична помош за новороденче имаат родители со родено дете на територија од општина Гази Баба, каде барем еден родител е со постојано живеалиште на територија на општината, државјанин на Република Македонија.

Барањето за остварување право за еднократна парична помош за новороденче со потребната документација во прилог се поднесува до архивата на Општина Гази Баба.



Екологијата како научна дисциплина, опфаќа широк спектар на интерактивно ниво, но најважно е, што ги изучува взаемните односи на живите организми и нивната интеракција со животната средина. Човекот и екологијата меѓусебе се тесно поврзани, но не секогаш во добра насока. Луѓето со своите секојдневни активности може да имаат негативно влијание врз животната средина локално, кое со текот на времето преминува во глобални рамки. Сето ова допринесува нашата планета полека да ги губи виталните знаци.

Општина Гази Баба во насока на спречување на загадувањето во животната средина, иницира и ги реализира следните активности со кои им се овозможува на граѓаните да инвестираат средства за набавка на нова опрема со која ќе делуваат позитивно во насока за намалување и спречување на загадувањето на нашата животна средина, а тоа се следните видови субвенции:




Субвенционраме граѓани на Општина Гази Баба за купување на високоенергетски клима уреди за 2023 година со вкупно издвоени 2,500,000.00 денари од буџетот на општината.

Субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети за 2023 година, со вкупно предвидени 1,000,000.00 денари од буџетот на општината.




Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво кај возила за 2023 година за кои се обезбедени 600,000.00 денари од буџетот на општина Гази Баба.







Субвенционрање на граѓаните на Општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домаќинства за 2023 година.

Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за купување на велосипед, проект за кој од буџетот на Гази Баба се одвоени 700,000.00 денари.




Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за купување на електричен тротинет, со вкупна финансиска конструкција од 500,000.00 денари од буџетот на општина Гази Баба.



### ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ТРИ СТАРТ АП ФИРМИ ОД СФЕРАТА НА ПРИРОДНИТЕ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ

Со поддршка на бизнис инкубаторот Општина Гази Баба дава поддршка на старт ап фирми кои се позиционирани во таканаречената зелена економија, со фокус на следните цели:

- Поттикнување на старт ап фирми со седиште во Општина Гази Баба во градење на одржливи green деловни решенија во сферата на природните и техничи науки.
- Да се мотивираат старт ап фирмите да размислуваат green и иновативно менувајќи ја нашата локална заедница во различни сегменти на нејзиното функционирање.
- Да се охрабрат старт ап фирмите да ги усовршуваат своите знаења и вештини во сферата на т.н. green економија преку изнаоѓање на иновативни и green решенија за потребите на локалната заедница.

За оваа намена од Буџетот на Општина Гази Баба, преку програмата за локален економски развој за 2023 година, се обезбедени 600.000,00 денари.




### ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЗАНАЕТЧИИ, САЕМСКО ПАРТНЕРСТВО И СЕМЕЈНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Општина Гази Баба доделува финансиска поддршка до 60.000 денари на поединечно барање на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства за следниве намени:

- Набавка на опрема и алати за микро и мали претпријатија регистрирани не порано од 01.01.2017год,
- Дизајн на производ и изработка на визуелен идентитет на производот/услугата – веб страна, дизајн на логотип, рекламен материјал за микро и мали претпријатија регистрирани не порано од 01.01.2017год,
- Учество на регионални саеми (Србија, Грција, Бугарија, Албанија), за микро и мали претпријатија регистрирани не подоцна од 01.01.2015год,
- Набавка на опрема и системи за наводнување капка по капка и друга земјоделска опрема, за семејни земјоделски стопанства.

Согласно Програмата за локален економски развој за оваа намена предвидени се вкупно 600.000 денари.

За поддршка на студентите и градење на иновативната култура на студентите од Факултетите со седиште во општина Гази Баба, го имплементираме проектот „Предизвик за студенти иноватори“.

Низ овој процес повеќе стотини студенти со поддршка на нивните професори-ментори реализираа повеќе десетици проекти, со цел поттикнување на студентите слободно да размислуваат и да наоѓаат креативни решенија, но и да размислуваат иновативно.




За оваа намена во буџетот на општина Гази Баба во програмата за локален економски развој за 2023 година, се предвидени 500.000,00 денари.

### ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И КУЌИ НА ИНДИВИДУАЛНИ ДОМАЌИНСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

Во насока на подобрување на енергетската ефкасност на станбените објекти во општината, во сегментот на реконструкција на крововите на колективните станбени згради, како и реконструкција на крововите на индивидуалните куќи на домаќинства во социјален ризик, и оваа година од буџетот општина Гази Баба обезбеди 2.500.000,00 денари.



### ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИФТ ИЛИ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ ЛИФТ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ

Во насока на подобрување на енергетската ефкасност на станбените објекти во оштината, во сегментот на реконструкција на лифтови и поставување на нови лифтови во сегментот на станбени згради, оваа година во буџетот на општина Гази Баба се обезбедени 2.500.000,00 денари.



## УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Планираното и урбано уредување на населените места е дел од стратешките цели за поуредна и компактибилна целина како во урбаните така и во руралните средини на општината.

При процесот на легализација на бесправно изградени објекти, решени се над 10.100 предмети. Во наредниот период општинската администрација преку своите тимови работи со зголемена динамика на издавање на урбанстички согласности и решенија за легализација.

Општина Гази Баба, е во фаза на изработување на 30 детални урбанистички планови. Нивната изработка е транспарентна и јавна, каде секој граѓанин може да направи увид, да ги даде своите забелешки и предлози.

Во новите Детални урбанистички планови, посебен акцент е ставен на зголемување на зелените површини, со ново предвидени детски игралишта, мали паркови, тревнати уредени зелени површини.

Воедно се предвидуваат нови локации за детски градинки во населените места каде што недостасуваат, Керамидница, Сингелиќ, Трубарево, Инџиково и др.

Општина Гази Баба го надградува својот јавен портал, за да може граѓаните да имаат увид до урбанистичките планови.

## ФОРМИРАМЕ ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ

Во тек е формирање на Партиципативно тело во Општина Гази Баба, заради обезбедување инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање.

Ова тело, пред се, има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено за разгледување на планската програма во фаза пред таа да биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

Работата на партиципативното тело е јавна и тоа има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на Советот на Општина Гази Баба.



## СООБРАЌАЈНА СТУДИЈА ЗА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ВО НАСЕЛБА АВТОКОМАНДА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Општина Гази Баба изготви Сообраќајна студија за режим на сообраќајот во н. Автокоманда, со која се обезбеди проектна документација во која се дефинирани варијантни решенија, преку кои ќе се изврши унапредување на севкупното ниво на сообраќајната услуга, како и зголемување на безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

Со оваа Студија, се бара оптимално решение кое ќе ги задоволи потребите на граѓаните кои живеат во Автокоманда, како и останатите возачи од другите места.

Целта на Студијата е изработка на сообраќајно - техничка документација, со чија реализација ќе се обезбеди и непрекинат динамичен сообраќај, зголемување на квалитетот на паркинг услугата, зголемување на искористеноста на секое паркинг место.





## ОТВОРЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИ

Во рамки на општина Гази Баба се организираат отворени денови за средби со граѓаните на кои градоначалникот Стефковски заедно со претставници од сите сектори на општинската администрација вршат директни средби со граѓаните на кои разговараат за проблемите, идеите и потребите со кои се соочуваат граѓаните.

Со одржувањето на отворени денови од ваков тип, овозможивме граѓанинот со едно доаѓање во општината да добие решение на својот проблем.






## "Прашај го градоначалникот"

Алатката „Прашај го градоначалникот“ претставува уште една можност, граѓаните на Општина Гази Баба да можат да добијат одговор на своите прашања директно од градоначалникот Бобан Стефковски.

Оваа алатка е он-лајн достапна на социјалните мрежи.

## КОМУНИКАЦИЈА СО ГРАЃАНИ

Жителите на Општина Гази Баба своите проблеми, интереси и недоразбирања можат да ги остварат преку комуникација со соодветните сектори на општинската администрација.

Процесот на прибирање податоци, како и соодветната поддршка и соработка со граѓаните е релевантен процес за правилно развивање на општината во насока на изградба и одржување на довербата кај граѓаните.





## ГРАЃАНСКИ ДИЈАЛОГ

Општина Гази Баба редоследно организира средби со граѓани во просториите на урбаните и месните заедници во сите населени места, преку кој го одржуваме граѓанскиот дијалог со граѓаните од нашата општина.

Средбите се важен сегмент во комуникацијата но и во отчетноста и транспарентноста во работењето на Градоначалникот.

Директните средби на градоначалникот Стефковски со граѓаните се одвиваат низ дискусија за она што е направено досега, но и за работите кои треба да се направат во периодот кој следи за подобрување на условите за живот на граѓаните.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ТЕКОВНО И ПЛАНСКИ,

## ДОСЕГА ВО 2023 ГОДИНА АСФАЛТИРАВМЕ ЛОКАЛНИ УЛИЦИ ВО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 6,815 $М^2$

- Асфалтирани се паркинзи кај зградите 159 и 157 (позади Макпетрол-последна 45ка) во н. Ченто со површина од 650 метри квадратни и пристапна улица од 100 метри квадратни
- Во н.м Инџиково асфалтирани се крака од улица „Финска“ 2 со вкупна површина од 1350 метри квадратни;
- Во н.м Виниче асфалтирани се два краци од улица „Трајче Здравковски“ со вкупна површина од 2200 метри квадратни;
- Во н.м Булачани асфалтирани се краци од улица 7 со вкупна површина 1215 метри квадратни;
- Во н.м Брњарци асфалтиран е крак од улица 5 со површина од 330 метри квадратни;
- Во н. Ченто асфалтирана е улицата кај ЈЗУ Поликлиника „Ченто“ со површина 570 метри квадратни;













# ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ВО ГАЗИ БАБА







На територија на општина Гази Баба се изградија патеки со павер елементи на повеќе локации во различни населени места, како:

н. Железара, н. Автокоманда, во н. Ченто на улица „Методија Андонов Ченто", н. Триангла, сквер во н.м. Кирил Петрушевски на ул „Вера Радосављевиќ, во н.м Јурумлери на улица „2" и на потегот Јурумлери- Колонија, во н.м Стајковци, Булачани, Црешево, Виниче.

Во периодот кој следи ќе продолжат градежните активности за изградба на патеки со павер елементи и во останатите населени места на општината.





## БЕЛЕЖЕЊЕ НА ПЕШАЧКИ ПРЕМИНИ НА УЛИЦИ



Во Општина Гази Баба тековно и плански се врши обележување на пешачките премини на локалните улици.

Сообраќајната хоризонтална и вертикална сигнализација е важна за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и затоа работиме на нејзино одржување во рамки на нашите надлежности.



## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО Н.М. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



Недостатокот на фекална канализација во повеќе населени места претставува децениски проблем за граѓаните. Во изминатиот период во населеното место Гоце Делчев беа извршени градежни активности за изградба на нова мрежа на фекална канализација во чии рамки се изградија околу 2000 метри нова мрежа. Вкупната инвестиција изнесува 18.073.000,00 денари од буџетот на Општина Гази Баба.



## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО Н.М. ЈУРУМЛЕРИ

Во н.м Јурумлери изминатиот период беше изградена нова мрежа на фекална канализација во дел од населеното место каде што во овој период се вршат градежни активности за приклучување на домаќинствата на новиот канализационен систем за фекална канализација. Во соработка со ЈКП Гази Баба пуштена е во употреба вакум станицата за фекалната канализација, со што канализациониот систем е ставен во функција.

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО Н.М. СТРАЧИНЦИ



Во н.м Страчинци се во тек градежни активности за изградба на нова мрежа на фекалната канализација. Со реализација на овој проект целото населено место Страчинци добива фекална канализација.

На наша иницијатива, поддршка во реализација на градежните работи даде Министерството за животна средина и просторно планирање.



## ЗАВРШИ ИЗГРАДБАТА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА КОМУНАЛНИ ОТПАДНИ ВОДИ ВО Н.М. СМИЛКОВЦИ

Во н.м Смилковци комплетно заврши изградбата на фекална канализација како и поставувањето приклучоци на домаќинствата. Дополнително се изгради и новата пречистителна станица, инвестиција вредна 20.227.471,00 денари.

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО Н.М. ЦРЕШЕВО



Во н.м Црешево изминатиот период беше изградена нова мрежа на фекална канализација во должина од околу 5100 м, вкупна инвестиција од 40.000.000,00 денари, средства од буџетот на Општина Гази Баба.

Во следниот период ќе се реализира и последната фаза со која сите жители од ова населено место ќе добијат фекална канализација.

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО Н.М. ТРУБАРЕВО И ЧУКУР МААЛО



Во тек се градежни активности за изградба на четвртата фаза од фекалната канализација во населено место Чукур Маало и Трубарево во должина од 930 метри. Вкупната инвестиција за оваа активност изнесува 5.568.683 денари, средства од буџетот на Општина Гази Баба.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО Н. ТРИАНГЛА

Изминатиот период направивме реконструкција на постоечка фекална канализација во н. Триангла на ул. „Модест Мусоргски“.






**ВО НАСОКА НА ГРИЖА ЗА НАШИТЕ НАЈМЛАДИ, ПРЕД СЕ, НО И ЗА СИТЕ СПОРТСКИ ЕНТУЗИЈАСТИ ОД НАШЕТО ПОДРАЧЈЕ, ИНТЕНЗИВНО ИНВЕСТИРАМЕ ВО ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КАПАЦИТЕТИ СО ШТО ЌЕ ДЕЛУВАМЕ НА РАЗВИВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПРАКТИЦИРАЊЕ НА СПОРТОТ ВО СЕКОЈДНЕВИЕТО.**

**ЗА ОВАА ГОДИНА ИЗДВОИВМЕ 8,000,000.00 ДЕНАРИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ МУЛТИФУНКЦИОНАЛНИ ИГРАЛИШТА ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА.**

## СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



Спортот и спортските активности на младите се во фокусот на општина Гази Баба.

Во н.м Гоце Делчев изградивме спортски терен со современа тартан подлога и реквизити за баскет, каде жителите од ова населено место ќе може да спортуваат и да се рекреираат.

Во период кој следува продожуваме со инвестициите за изградба на нови спортски терени и реконструкција на постоечките, во сите населени места.



## СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НОВА КОЛОНИЈА

Нов спортски терен се изгради во н.м Нова Колонија на кој беше поставена современа тартан подлога и спортски реквизити, кои жителите од ова населено место, ќе можат да го користат за спорт и рекреација .

## СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ТРИАНГЛА



Општина Гази Баба овозможи граѓаните од н. Триангла, во рамките на основното училиште „Наум Наумовски Борче“ да добијат мултифункционално игралиште, изградено на најсовремена тартан подлога и нови реквизити.

Игралиштето ќе можат да го користат децата од училиштето за разни спортски активности, како фудбал, кошарка, ракомет, но и сите останати љубители на спортот.



## СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ КИРИЛ ПЕТРУШЕВСКИ

Жителите на населеното место Кирил Петрушевски добија спортски терен на најсовремена тартан подлога за спорт и рекреација и реконструирано детско катче со нови детски реквизити за најмладите.

Просторот го уредивме и со урбана опрема, клупи и канти за отпадоци.

## СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ КЕРАМИДНИЦА



За жителите од н. Крамидница изградивме спортско игралиште за спортување и рекреација со најсовремена тартан подлога, а поставени се и нови табли за кошеви и обрачи, како и две стативи за мал фудбал.

Со изградба на спортските терени во општината го развиваме натпреварувачкиот дух кај младите, практикувајќи здрав начин на живот.




Градежните работи за изградба на оперативниот центар на Јавното Комунално Претпријатие „Гази Баба 2007“ влегуваат во завршна фаза.

Оперативен центар од ваков тип каков што ќе добие нашето комунално претпријатие ќе биде прв во Република Македонија.

Со изградбата на центарот ЈКП Гази Баба добива:

Најсовремена работилница за урбана опрема, сервис и паркинг за возниот парк (багери, камиони и сл), пункт за наплата на сметки за вода, простор за администрацијата, пункт за службата за зимско одржување, пункт за улично осветлување, магацински простор.

ЈКП Гази Баба прерасна во респектабилно комунално претпријатие кое претставува вистински сервис на граѓаните.



## АКТИВНОСТИ НА ЈКП ГАЗИ БАБА ВО РАМКИТЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА

Изминатиот период екипите за одржување водоводни мрежи на ЈКП Гази Баба работеа на отстранување на дефекти на водоводните мрежи на повеќе локации во населените места Црешево, Виниче, Булачани и Раштак.



Направена е целосна реконструкција на пумпната станица која го снабдува н.м Црешево и н.м Смилковци со вода за пиење кое а се наоѓа во кругот на фабриката Железара.



Направена е реконструкција на сигналната- дојавна мрежа на резервоарот во н.м Црешево и истата целосно е автоматизирана со далечински надзор. Инсталиран беше и нов фотоволтаичен систем за напојување.



Започната е целосна реконструкција на филтер станицата во н.м Раштак која ќе вклучува и реконструкција на системот за полнење на двата резервоари во ова населено место. Истиот ќе биде целосно автоматизиран, а со изградба на бајпас мрежа ќе бидат поврзани двата резервоари за вода, со што ќе се намали губитокот и недостатокот на вода во летниот период.

Редовно се одржува постоечкиот канализациски систем во н.м Трубарево и н.м Гоце Делчев каде што е направена целосна реконструкција на системот за напојување на Пумпна станица 1. Сменети или репарирани се сите постоечки пумпи на Пумпни станици Трубарево 1, 2 и 3.



Дополнително е набавена трета пумпа за пумпна станица Трубарево 2 со што ќе се елиминира досегашната закана од прелевање при поројни дождови.

Редовно се одржува и пречистителната станица за отпадни води Смилковци како и одводниот канал од истата.



Во наредните месеци очекуваме ставање во функција и на ПСОВ Јурумлери со што јавното комунално претпријатие активно ќе продолжи да се грижи за заштитата на животната средина и водните ресурси во Гази Баба.





## ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ НА ЕКИПИТЕ НА ЈКП ГАЗИ БАБА 2007

- Одржување и косење на зелените површини се врши континуирано во сите населени места во општина Гази Баба;
- Уредување и обновување на зеленилото со нови садници од дрвја и цвеќиња во сите населени места; Уредување на зеленилото во основните училишта и градинките;
- Собирање отпад од коловозите и отстранување смет во сите населени места;
- Кастрење на високи крошни и гранки на дрвја кои пречат и уништуваат околни објекти;
- Поставување на нова трибина на игралиштето во ООУ
- „Наум Охридски" во н.м Булачани;
- Тековно чистење на канализациона пумпа и критични точки со атмосферски води во н.м Трубарево, н.м Колонија, н.м Јурумлери.
- Екипите на ЈКП, според тековен распоред, работат постојано на реконструкции на парковите и урбаната опрема и реквизити на детските игралишта и уредување на подрачјето во Гази Баба, поставување на нови фонтани за вода, поставување или промена на канти за цебен отпад и улично осветлување.

**075 320 178**

**КОНТАКТ ТЕЛЕФОН ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ПРОБЛЕМИ СО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**










### РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



### АКЦИИ ЗА СОБИРАЊЕ НА КАБАСТ ОТПАД ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ПОЗДРАВА И ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА



## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ 'ЗЕЛЕНА ГАЗИ БАБА'

Екипите на Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 постојано вршат теренски активности и работат на подигање нови и уредување на постоечките зелени површини на територија на општината.

Се реализираа бројни акции за засадување на разновидни нискорастечки цвеќиња и видови на дрвја и грмушки. Досега се засадени над 6500 нови садници.






## НОВ УРБАН МИНИ ПАРК ВО КРУГОТ НА ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ




Во периодот кој следи, Општина Гази Баба во соработка со екипите на Јавно Комунално Претпријатие „Гази Баба 2007“ започна со градење нов урбан мини парк во н. Автокоманда.

Подготовките за изградба на паркот се правеа во консултации и поддршка од професорите на Шумарскиот факултет, кои ги споделија своите идеи за реализација на овој проект.

Изминатиот период екипите на ЈКП Гази Баба направија тековно одржување, санација и реконструкција на фонтаната на плоштадот во н. Автокоманда.

## ЛЕТНИКОВЕЦ И НОВО ДЕТСКО КАТЧЕ ЗА ЖИТЕЛИТЕ ОД ЧЕНТО




Изградивме ново детско катче за жителите од населбата Ченто каде се направи уредување на просторот со поставување на нов летниковец. Поставени се детски реквизити, клацкалки, лулашки и лизгалка за најмладите.

Реквизитите за деца се набавени со средства од општинскиот буџет по претходно спроведена тендерска постапка за уредување и проширување на детски катчиња со урбана опрема, во рамките на активностите и програмата на секторот за комунални дејности.

Во меѓувреме, овој простор од страна на ЈКП “Гази Баба“ ќе биде уреден и со клупи за седење и канти за отпадоци, со цел да биде место за одмор и дружење на помладата, но и на повозрасната категорија жители.

# ХУМАНИТАРЕН КОНЦЕРТ

Во спортската сала Методија Андонов Ченто во населба Маџари, се одржа хуманитарен концерт со повеќе музички изведувачи од македонската сцена, а собраните средства беа наменети за донација на лекувањето на Никола Ѓорѓиев од н. м Цршево.

На младиот Никола му беше дијагностициран карцином на коски за кој е потребно голема сума на парични средства.















Никола е дете без родители, живее со својата баба и дедо во населеното место Цршево, а го чека долг пат, многу терапии, процедури за лекување, за кои се утврди дека му беа потребни 110.000 евра, кои за среќа веќе се собрани.

Градоначалникот Бобан Стефковски целосно го поддржува Никола во неговата борба со болеста, од која очекуваме да излезе како победник.











# „ПОДАЈ РАКА ЗА НИКОЛА“

Голема благодарност за учеството на хуманитарниот концерт до сите изведувачи и посетители на концертот кои придонесоа за собирање на дел од паричните средства: DJ Bono, Ламбе Алабаковски, Мите Стоилков, ДНК Панчо, Таско, Огнен Здравковски, Пајак, Jack Daniel & Story Band, Daniel Dann, Иван Ајнштајн, Александра Јанева, Јана Спиркоска, Бојана Скендеровска, Либеро Бенд, Јасмин Алиевски, Филип Пецовски, Даниела Темелковска.














ПОТРЕБНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА НИКОЛА СЕ СОБРАНИ

Општина Гази Баба и градоначалникот Стефковски ќе бидат покрај Никола и во понатамошното негово лекување.











## ИНТЕРВЈУ СО НАЈДОБРАТА МЛАДА СПОРТИСТКА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА, МИЛА РЕЉИЌ – ИСТРАЈНО И ПОСВЕТЕНО ДО ВРВОТ

**Мила Рељиќ е македонска теквондистка, родена 23.05.2003 година, жител на општина Гази Баба. Таа е избрана за млада спортистка на годината во 2022 година. Нејзините резултати говорат за упорноста и посветеноста која ја вложува за да стигне до врвот на високорангирани интернационални, но и на домашни турнири.**

**Мила е гордост на општина Гази Баба со сигурноста, упорноста, скромноста кои се нејзини вистински вредности. Со неа зборувавме за почетоците, процесот на тренирање, искуството на натпревари и идните планови.**

**Која беше твојата желба да започнеш со теквондо?**

- Па искрено мајка ми не зашиша мене, брат ми и сестра ми, во нашата населба каде живеевме. Мајка ни не запиша само колку да се занимавме со спорт. Тогаш немав соништа да бидам најуспешна.

**Како се роди твојата желба за високи спортски резултати, бидејќи ете беше и прогласена за најдобрата млада спортистка на Македонија за минатата година?**

- Кога имав 13 години мислев да престанам со тренирање на теквондо, но една моја другарка која порано вежбаше во мојот прв клуб веќе беше префрлена и имаше успешни турнирни кај тренерот Александар Ефтимов во ТК Тигри, и така во 2016 година и јас се префрлив во ТК Тигри.

**Кога започнаа твоите видливи резултати и развивањето на огромната желба за овој спорт?**

- Па во ТК Тигри, тренинзите беа многу понапорни и подобри и со самото тоа дојдоа и резултатите. Претходно додека тренирав за 7 години имав само еден турнир а уште во првата година во ТК Тигри имав неколку меѓународни турнири. Тренерот Александар Ефтимов препозна талент и ја виде кај мене желбата за големи успеси и тој многу ме мотивираше дека можам многу да направам во овој спорт. На почетокот, во неколку натпревари ги губев и се разочарував, сакав да се откажам, но тренерот заедно со моите родители секогаш успеваа да ме мотивираат дека треба да продолжам за нови успеси.

**Кои резултати според тебе ти оставиле најголем впечаток во кариерата?**

- Во Февруари 2020година освоивме бронзен медал на Европски Президенс Куп во јуниорска конкуренција во Шведска, и по тој натпревар веќе знаев дека можам да се носам со најдобрите. Потоа настана корона кризата, период во кој сите сали беа затворени и немаше долг период турнири, па моравме 7 месеци да тренираме надвор на отворено во н.Хиподром, но ништо не можеше нашата желба за успех да ја намали.
- Како и други поголеми резултати, би го издвоила златниот медал од Европското Клупско Првенство 2022 во Талин, Естонија, Златниот медал од Израел Опен, 9-то место на светското првенство во ноември 2022 во Мексико како и еден од најдрагите медали ми е златниот медал од пред неколку недели на Скопје Опен Рамус Г1 натпреварот, затоа што цела публика во салата „Јане Сандански" навиваше за мене и во третиот обид успев да ја победам извонредната србинка Надја Савковиќ.

**Колку тренинзи тренираш неделно и дали внимаваш на исхраната?**

- Неделно тренирам 10-11 пати, значи 2 пати дневно, и еден ден во неделата ни е ден за одмор. Во просек, секој ден трениран по 4 часа, и внимавам да јадам здрава исхрана, зашто тоа е наше гориво и еден од клучните фактори за успех.

**Кои се твоите следни турнири и очекувања од нив?**

- Кон крајот на јуни се Европските Олимписки Игри во Краков, Полска, каде имаме изборено А норма и исто така се надеваме дека ќе обезбедиме медал.

**Сега си на 10та позиција на светската теквондо ранг листа. Тешко ли беше да се достигне оваа позиција и има ли можност со овие поени да обезбедиш норма за Олимписките Игри во Париз следната година?**

- Напорната работа дава резултати. Но ние се бориме со натпреварувачки кои имаат многу подобри услови од нашите. Нашата желба за победа е огромна и иако сме од мала земја сепак веќе не препознаваат во светската теквондо елита.
- Што се однесува за обезбедување на А норма за Париз 2024, има два начини за обезбедување на таа норма, еден е да бидеме во првите 5 на олимписката ранкинг листа или вториот начин е преку квалификации за олимписки игри каде во нашата категорија можат да обезбедат учество само 2 од Европа.

**Дали имаш време за сите активности, покрај тренинзите?**

- Тренинзите ми се приоритет, иако сум прва година на факултет за економски науки, и успешно ги завршувам испитите. Сепак мора да се даде голема жртва за успешни резултати.

**На крај што би им препорачала на младите генерации?**

- Никогаш не се откажувајте од вашиот сон, најважна е дисциплината и истрајноста. Дисциплината ќе ве однесе таму каде што и мотивираноста не може!

# АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

*Согласно законските надлежности, Секторот за Инспекциски надзор во општина Гази Баба во континуитет ги реализира следните активности:*



- Навремено постапување по сите достасани пријави (усни, писмени и електронски);
- Организирани се преку 20 акции за отстранување на диви продавачи на земјоделски производи на јавна површина на пазарот во населба Ченто;
- Организирани се акции во соработка со ЈП „Градски паркинг„ (Пајак служба) и Министерство за внатрешни работи за отстранување на непрописно паркирани возила на јавна површина;







- Организирани се акции за собирање на хаварисани возила оставени на јавни површини (паркинзи, улици, тротоари и зелени површини);
- Организирани се акции со ЈП „Лајка„ за заловување на кучиња скитници во населените места;
- Изречени се прекршочни платни налози за сечење на дрвја по Закон за урбано зеленило;





- Извршени се контроли за диви приклучоци на водоводна и фекална мрежа согласно Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води;
- Извршени се контроли на градилишта во однос на враќање на теренот во првобитна состојба по завршување на градби и доградби на згради;
- Организирани се акции за расчистување на отпад на приватен имот кој претставува опасност за околината;

**075 346 932**

**КОНТАКТ ТЕЛЕФОН ОД ИНСПЕКТОРАТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**





- Одржани се дежурства на критични точки каде во континуитет се случуваат најмногу прекршоци од Законите од областа на животната средина и јавната чистота;
- Направени се редовни обиколки во заштитените подрачја на територија на Општина Гази Баба и санкционирани се затекнатите лица кои вршат деградирање на природата;
- Во соработка со Јавното претпријатие Гази Баба 2007, расчистен и ослободен е просторот во Интегрална целина Острово кој години station наназад беше узурпиран од приватни лица;
- Организирање и присуство на еколошки акции кои помагаат за подигнување на јавната свест кај населението за потребата од одржување на чиста и здрава животна средина.

## СВЕТСКИ ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА



Во рамките на одбележување на Светскиот ден на планетата Земја кој годинава се слави под мотото Инвестираме во знаење - се грижиме за планетата, Општина Гази Баба во соработка со општествено одговорна-компанија го реализира проектот „Инвестираме во нашата планета“ во насока на подигнување на еколошката свест кај најмалите жители на општината.

Во рамките на проектот се реализираа презентации во сите основни училишта во општината кај учениците од четврто одделение на тема „Учиме да се грижиме за животната средина“ и да го намалиме и рециклираме пластичниот отпад.

## ДОНАЦИЈА НА ПАМЕТНА КАНТА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД

Во рамките на проектот ‘’Поттикнуваме промени да ја заштитиме животната средина’’, спроведен од страна на општествено одговорна компанија, во основното училиште „Григор Прличев“ беше поставена првата паметна канта.

Оваа донација е иновативно решение за собирање и селекција на отпад. Имено паметната канта преку инсталираниот компјутер и сензор за детекција прави селекција на отпадот на следните фракции: хартија, пластика, метал и стакло во 4 засебни секции во кантата.




Целта на поставување на ваквата паметна канта е подигнување на свеста за заштита на животната средина во основните училишта, потикнување и зголемување на навиките на децата за соодветно собирање и селектирање на отпадот.



## “ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2023“

Обезбедувањето на чиста, здрава и добро зачувана животна средина е најголемиот предизвик и врвен приоритет и на администрацијата на Општина Гази Баба.

Општина Гази Баба за прв пат оваа година се приклучува кон активностите на „Генералка-викенд“ со кои се чистеа јавните површини, училиштата и градинките.

## ДОНАЦИЈА НА 10 СЕНЗОРИ ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ

Во рамките на проектот ДИШИ МК Општина Гази Баба доби донација од 10 сензори за мерење на квалитет на амбиентен воздух. Сензорите ги мерат концентрациите на цврстите честички со големина од 2,5 и 10 микрометри (PM2,5 и PM10). Сензорите се продукт на Sensor. Community, позната платформа за мерење на квалитетот на амбинетниот воздух.

Досега, во светот се поставени околу 13000 вакви сензори во 77 земји. Целта на поставување на сензорите е воспоставување на мониторинг мрежа за квалитетот на амбиентниот воздух. Добиените податоци ќе бидат достапни на апликацијата Мој Воздух (AirCAre). Добиените податоци во иднина ќе се користат за следење на состојбата со квалитетот на амбиентиот воздух, и секако откривање на причинителите за лошиот квалитет на воздухот. Сензорите беа поставени во 10 основни училишта во општината.

### ЕКОЛОШКИОТ КОНКУРС "ДЕНОВИ НА ПРОЛЕТТА - ДЕНОВИ НА ЕКОЛОГИЈАТА"

Во Домот на култура "Димитар Влахов" во населба Автокоманда ги доделивме наградите на учесниците на Еколошкиот конкурс "Денови на пролетта - Денови на екологијата".





Во рамките на овој еколошки конкурс избравме најеколошка компанија, невладина организација, најубав еколошки двор, најдобар состав и ликовно дело од децата од основните училишта и детските градинки.

Градоначалникот Стефковски истакна дека меѓу неговите приоритети ќе остане заштитата и грижата за животната средина.

## "ПЕШАЧИМЕ ЗА МИР, СОЖИВОТ И ТОЛЕРАНЦИЈА"

По повод почетокот на пролетта учениците од општинските основни училишта засадија 21 ново дрво во парк шумата Гази Баба, со што на дело ја покажаа грижата кон животната средина, како еден од важните предуслови за квалитетен живот на сите.

Градоначалникот Стефковски учествуваше на засадувањето заедно со учениците од различни етнички заедници кои ја реализираа активноста "Пешачиме за мир, соживот и толеранција" од која ја испратија најсилната порака која вели: Другарството не познава разлики.





Оваа активност општина Гази Баба ја реализира во соработка со Општинскиот сојуз на училишен спорт Гази Баба и Здружението на граѓани Грин Спорт.

## РАБОТИМЕ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА МЕНАЦИРАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ВО ГАЗИ БАБА



Во насока на подобрување на начинот на менацирање и постапување со отпадот на територија на општината, Општина Гази Баба склучи договори со сите колективни постапувачи за воспоставување на организиран, интегрален и одржлив систем за собирање на отпад од електрична и електронска опрема. На територија на Општина Гази Баба се поставени 5 контејнери за собирање на електричен отпад.

Во соработка со Пакомак поставени се 50 игло контејнери за собирање на стаклена амбалажа и дополнително покрај поставените контејнери за селекција на ПЕТ амблажа и хартија, поставени се 2 вендинг машини за ПЕТ амбалажа. Во тек е постапка е на склучување Договори за управување со пакување и отпад од пакување со сите колективни постапувачи.

**ОБРАЗОВАНИЕТО СЕ ПРЕПОЗНАВА КАКО СУШТИНСКИ ДВИГАТЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ И НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ. ТОА ИГРА КЛУЧНА УЛОГА ВО СОЗДАВАЊЕТО ПОДОБРИ РАБОТНИ МЕСТА, ГО ЗГОЛЕМУВА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ, ГО УНАПРЕДУВА ЛИЧНИОТ РАЗВОЈ И АКТИВНОТО ГРАЃАНСТВО. ОД ОВИЕ ПРИЧИНИ, ОБРАЗОВАНИЕТО ПРЕТСТАВУВА ПРИОРИТЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА.**

## НОВА СЕНЗОРНА СОБА ВО ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“

Во ООУ “Наум Наумовски Борче” отворивме сензорна соба која е единствена од ваков тип и креирана по сите стандарди.

Собата е осмислена целина која содржи три различни простори потребни за инклузивно образование и тоа:

- Простор за сензорна интеграција;
- Сетилна соба, и
- Простор за изолација.

Во рамки на сензорната соба е изграден и тоалет прилагоден за лица со посебни потреби.






## ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Општина Гази Баба се приклучи на проектот: Инклузија на деца со посебни образовни потреби.

Во просториите на Општина Гази Баба, градоначалникот Бобан Стефковски го потпиша меморандумот за соработка на Општина Гази Баба со Здружението за Асистивна технологија “Отворете ги прозорците” чија цел е реализација на проектот Инклузија на деца со посебни образовни потреби.

Овој проект ќе се реализира со заедничка соработка помеѓу општината, здружението и Детската фондација Песталоци, а во насока на поддршка на образовните политики и иницијативи за обезбедување инклузивно образование.

Процесот на инклузија на децата со посебни образовни потреби од сите нас бара сериозна посветеност која ние преку реализација на различни проекти ја докажуваме.



## ПРОМОЦИЈА НА МОНОГРАФИЈА ПО ПОВОД 110 ГОДИНИ ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС ВО ООУ „25 МАЈ“

Општинското основно училиште „25 Мај“ направи промоцијата на монографија по повод 110 години од отпочнувањето на образовниот процес.

Образованието е една од најважните етапи од човековиот живот, бидејќи нема ништо позначајно и поважно за иднината на секое дете од доброто воспитание и образование.

Општина Гази Баба изминатиот период посветено работи на реализација на проекти кои ќе донесат подобар и поквалитетен образовен процес на нашите ученици.



## ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНАТА

Како дел од наставната програма на основните училишта, учениците од IV одделение се запознаваат со работата на локалната самоуправа.

Тие ги посетуваат работните простории на администрацијата и кабинетот на градоначалникот, при што поставуваат прашања за одвивањето на работата на локалната самоуправа.

Градоначалникот на учениците им ги објаснува неговите надлежности како и значењето и работата на Советот во општината.



## ГАЗИ БАБА ПОКРОВИТЕЛ НА МОДНАТА РЕВИЈА "ЈАС, БЕТИ – СОНОТ СЕ ОСТВАРУВА"

Бети како лице со Даунов синдром има посебно изразени уметнички активности, за што Општина Гази Баба целосно ја поддржа во реализацијата на нејзината креативност.

На модната ревија во МКЦ беа презентирани колекции накит, обетки и асесоари, изработени од вештите раце на нашата Бети заедно со дизајнерите Елена Поповска и Јасминка Стојановска.

Тие кои ја познаваат Бети, знаат дека таа во секоја своја изработка ги внесува своите време, срце и целото битие. Нејзините желби се секогаш да се надминува себе си и секогаш да успее да изненади со некој нов подвиг.

Таа не поттикнува сите да навлеземе во себе си, да ги запознаеме своите слабости и силни страни, но и да најдеме сила да ги оствариме своите соништа.







## ЕДНАКВИ ОБРАЗОВНИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ ДЕЦА МКФ

Општина Гази Баба е дел од Еразмус+ проектот „Инклузивна училница: МКФ како алатка за решавање на проблеми во тимот околу детето во образовен контекст". Во рамки на проектот се одржа мултипликативниот настан во просториите на општината.

Инклузијата на децата со посебни потреби налага зголемен интензитет на превземени и реализирани мерки и активности, кои ние како општина во континуитет ги превземаме во рамките на нашите надлежности.

И во иднина ќе даваме, како општина, поддршка при креирањето на вакви и слични проекти, но и во нивното успешно спроведување во образовните институции.







## ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ" ДЕЛ ЕРАЗМУС+

Наставници и ученици од ООУ „Наум Наумовски Борче" заедно со претставниците од партнер училиштата од Словенија и Шпанија ја посетија Општина Гази Баба и кабинетот на градоначалникот Стефковски за да се запознаат со работењето и функционирањето во општината.

Основното училиште „Наум Наумовски Борче" учествува во Еразмус проектот Learn green- Outdoor Stem во чии рамки следната недела ќе се реализира мобилност во која училиштето е домаќин.

Овој проект има за цел да промовираат иновативни начини на учење на STEM на отворено при што дел од активностите ќе се реализираат на плоштадот во Автокоманда, парк шума Гази Баба и трговскиот центар East Gate.

## ДОНАЦИЈА НА ДЕТСКИ ЛЕТНИ ОБУВКИ ЗА ДЕЧИЊАТА ВО ГРАДИНКИТЕ "25 МАЈ" И "ДЕТСКА РАДОСТ"

Во детската градинка „25 Мај“- објектот Пони во населба Хиподром донираме летни обувки овозможени од општествено одговорна компанија од Општина Гази Баба.

Оваа донација беше реализирана за децата од детските градинки „25 Мај“ во населбата Ченто и „Детска радост“ во населба Автокоманда.

Детските насмевки, радост и среќа немаат цена, затоа ќе продолжиме и во следниот период да градиме партнерски однос со детските градинки, бидејќи наша обврска е да создаваме подобри услови за раст и развој на децата при нивниот престој во нашите градинки.





## ОДБЕЛЕЖАНИ 58 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА "25 МАЈ"

Децата и вработените од градинката „25 Мај“ го одбележаа својот патронен празник. Тие, за оваа пригода, имаа подготвено богата музичка програма која ја проследија пред присутните гости меѓу кои беше градоначалникот Бобан Стефковски.

Во текот на прославата, која се одржа во просториите на градинката, забележително изразени беа детската радост и смеа, но не остана незабележано и задоволството кај присутните возрасни.



## ОДБЕЛЕЖАН 5 МАЈ -ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Децата од градинката „25 Мај“ од објектот Пеперутка го одбележаа Денот на македонската азбука и македонскиот јазик со посета на саем на книга, каде имаа можност да се запознаат со вредноста на пишаниот збор и потребата за описменување низ игра и забава.








## ДОДЕЛИВМЕ ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ ПОГОДЕНИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА И ФИНАНСИСКАТА КРИЗА




Општина Гази Баба обезбеди парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза која се исплати како месечен надомест за месеците јануари и февруари 2023 година.

Со овие мерки беа опфатени лицата - примартели на гарантирана минимална помош во 2023 година и корисници на пензија до најмногу 15.000,00 денари, жители на Општина Гази Баба. Можноста за оваа парична помош ја искористија 500 граѓани од нашата општина.

## ДОНАЦИЈА ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

Општина Гази Баба постојано се грижи за ранливите категории на граѓани и за нивно подобрување на секојдневните животни услови.

Наша обврска е како општина е постојано да работиме на создавање подобри и поквалитетни услови за граѓаните со телесен инвалидитет со цел нивна полесна интеграција во општеството.







## „ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА - РОМИ“ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ



Во Клубот на Пратеници се презентираа постигнатите резултати од реализацијата на проектот “Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи и Детските градинки” од кој е дел и Општина Гази Баба со ЈУДГ „25 Мај“ во чии рамки се инклузираа 20 дечиња Роми во детската градинка.



Градоначалникот Стефковски порача дека секое дете е важно и токму затоа Општина Гази Баба се приклучи на овој проект со цел инклузија на децата Роми во воспитниот процес уште од најмали нозе, а потоа истото да продолжи и низ образовниот процес.

## БЕСПЛАТНА ГРАДИНКА ЗА ДЕЦА ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

Продолжува грижата за дечињата како и поддршката за социјално загрозените и многудетните семејства на територија на општина Гази Баба.

На седница на Советот на општина Гази Баба беше донесена Одлука за ослободување од плаќање месечен надомест за престој на деца во градинка на следните категории родители:

- Родители на три деца запишани во градинка, се ослободуваат од плаќање месечен надоместок за престој за едно дете;
- Самохран родител, со примања до една минимална плата или со останати приходи во износ до една минимална плата, се ослободува од плаќање месечен надоместок за престој на детето/децата;
- Двајца родители, без приходи или самохран родител без приход (невработени лица) се одлободуваат од плаќање месечен надоместок за престој на детето/децата;

Двајца родители, од кои еден е без приходи (невработено лице), а другиот родител со примања до една минимална плата или со останати приходи во износ до една минимална плата се ослободуваат од плаќање месечен надомест за престој на детето/децата;

Родител на деца со категоризација за потешкотии во развојот на детето/децата, се ослободуваат од плаќање надомест за престој на детето/децата.

Во услови на сериозна економска криза како одговорна општина ја имплементираме оваа мерка за поддршка на социјално загрозените и многудетните семејства.

Дополнително преку оваа мерка создаваме услови за еднаквост на децата и овозможуваме секое дете да има можност да помине период во градинка во својата предучилишна возраст.




## ПОДАЈ РАКА И ПРОМЕНИ ЖИВОТ–СТАНИ ЗГРИЖУВАЧ

На панел дискусијата која се одржа во СОС Детско село, градоначалникот Стефковски даде поддршка на кампањата за зголемување на бројот на згрижувачки семејства на деца без родителска грижа.

Згрижувачите се заменски родители, херои кои несебично го отвораат својот дом и со сите свои знаења и ресурси нудат заштита за дете кое ја изгубило грижата од своите родители.

Кампањата беше организирана од страна на СОС Детско село во соработка со Центрите за поддршка на згрижувачките семејства за да ги информираат и поттикнат граѓаните на хуманост и солидарност.






## ОТВОРЕН РЕГИОНАЛЕН КЛУБ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВО СТАЈКОВЦИ

Отворивме клуб за пензионерите од Стајковци и околните населени места, кој ќе служи како простор во кој пензионерите ќе можат да го поминуваат своето слободно време и да уживаат во своите пензионерски денови.

Општина Гази Баба негува пријателски однос со Здружението на пензионери на Гази Баба и тоа ќе продолжи и во следниот период.

## РАБОТЕЊЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



Советот на Општина Гази Баба изминатиот период работеше посветено и одговорно.

Членовите на Советот даваат максимална поддршка на Градоначалникот на Општина Гази Баба во реализацијата на зацртаните проекти и програми.

Воведување на кохезија помеѓу советничките групи од различните политички партии и градење на консензус и единство по прашањата важни за граѓаните е приоритет на Советот.

За доброто на граѓаните и во иднина, Советот и Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе соработуваат и ќе си даваат максимална поддршка за што поголема реализација на проекти во сите населени места на територијата на општината.

Во изминатите 27 седници на Советот беа изгласани 486 прописи, најголемиот дел беа донесени едногласно.

## ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО ТУРЦИЈА И СИРИЈА

На седница на Советот на Општина Гази Баба беше донесено едногласно Одлука од Советот за определување на финансиска помош во висина од 500.000 денари за настраданото население во Турција и Сирија. На почетокот на седницата со едноминутно молчење Градоначалникот и советниците оддадоа почит на загинатите во земјотресот.

Градоначалникот Стефковски оствари и средба со Амбасадорот Н.Е Хасан Мехмет Секизќок на кој му изрази сочувство за големиот број на загинати, повредени и големата материјална штета која настана како последица на траорниот земјотрес кој ја погоди Турција.

По средбата со Амбасадорот во резиденцијата, градоначалникот Стефковски ја посети Амбасадата на Турција каде што се потпиша во отворената книга на жалост.







# Реализирани културни манифестации во 2023

## SВЕЗДОНОСЦИТЕ НА БАДНИКОВИ ПОВОРКИ 2023 ВО ГАЗИ БАБА

Детските бадникови поворки се организираат како предвесник на христијанскиот празник Рождеството Христово – Божиќ. По тој повод и дворот на Општина Гази Баба беше исполнет со деца, кои носејќи во рацете ѕвезди му пееа на Господ. Нивните чисти детски души, радост и едноставност, ни ги греат срцата цела година.

Секое дете доби божиќно пакетче како симбол на денот пред Божиќ, а потоа сите се упатија во центарот на Скопје и беа дел од централната манифестација на бадниковите поворки.

Градоначалникот Стефковски испрати порака до сите, да не заборaваме дека само силни и обединети во нашата вера ќе знаеме како правилно да живееме, но пред се, да бидеме добри луѓе и да си помагаме меѓусебе.



## ПИФТИЈАДА 2023

На големиот верски празник Богојавление - Водици, според традицијата, вештите раце на нашите домаќинки, подготвуваат македонска пифтија по традиционални рецепти.

Манифестацијата е од хуманитарен карактер и отворена за учество на сите хумани луѓе. Најдобрите пифтии се наградуваат, воедно и се продаваат, а собраните средства се користат за хуманитарни цели.

Средствата кои беа собрани од овогодинешната Пифтијада беа донација за Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле.

На институтот донираме опрема составена од PH метри за нивните потребите, со што даваме придонес во подобрувањето на условите за добивање на поквалитетна здравствена заштита за нашите деца.





## АПРИЛИЈАДА 2023 ГОДИНА "СИТЕ ПОД МАСКИ"

Општина Гази Баба традиционално со најмладите секоја година го прославува Денот на шегата 1-ви Април на плоштадот во населба Автокоманда.

Во рамките на манифестацијата организираме ревија на маски, подготвени од децата од градинките и основните училишта на општината и подготвуваме богата културно забавна програма за нашите најмлади жители.








## "ЃУРЃОВДЕНСКИ ЧЕСТВУВАЊА"

Граѓаните од Гази Баба традиционално и оваа година го прославија верскиот празник Св. Ѓорѓи -Ѓурѓовден во истоимената црква во населеното место Сингелиќ.

Културно уметничките друштва „Јонче Христовски" од н. Автокоманда и „Седенка" од н.м Булачани низ звуците на македонската народна музика се погрижија за уметничкиот дел од програмата.

Во попладневните часови традиционално со богата културна програма се одбележува овој празник во црквата во населеното место Трубарево, по повод чествувањето на Свети Ѓорѓија, која воедно е можност за презентација на нашето културно богатство и одржување на вековната традиција.






## МАНИФЕСТАЦИЈА "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СТАЈКОВЦИ

По повод 24 мај, денот на Светите браќа Кирил и Методиј во населеното место Стајковци се одржа манифестацијата со која го одбележуваме празникот, кој е слава на ова населено место.

Во културната програма во рамки на традиционалната манифестација пред присутните гости настапија играорци од КУД „Јонче Христовски", Даниела Темелковска, Спасен Силјановски, Јована Богданоска, Благоја Грујовски и Влатко Миладиновски.





На настанот градоначалникот Бобан Стефковски им го честиташе празникот на сите присутни и упати повик за почитување на правото на сопствен македонски идентитет и почитување на нашиот македонски јазик, писменост и култура како столбови на нашата посебност како народ и држава.

## 4.000.000,00 ДЕНАРИ ДИРЕКТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО 2023 ГОДИНА

### ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО ПРВА ПОМОШ





Општинската организација на Црвен Крст - Гази Баба го реализираше општинскиот натпревар по прва помош во рамки на одбележувањето на Недела на Црвениот крст на Република Македонија.

На овогодинешниот натпревар учество земаа 14 екипи во категорија основни училишта и 4 екипи во категорија средни училишта.

<u>Категорија основни училишта</u>

I место – ООУ „Дане Крапчев“
II место – ООУ „Вера Јоциќ“
III место – ООУ „Крум Тошев“

<u>Категорија средни училишта</u>

I место – СУГС „Панче Арсовски“
II место – АСУЦ „Боро Петрушевски“
III место – СЕТУ „Михајло Пупин“

Екипите, кои ги освоија првите три места во категорија основни училишта продолжуваат на Градски натпревар по прва помош кој се одржува во месец јуни, додека екипата која освои прво место во категорија средни училишта ќе се натпреварува на Државен натпревар по прва помош кој ќе се одржи во месец септември.

### ВЕЛИГДЕНСКА ПОСЕТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СТЕФКОВСКИ



По повод велигденските празници градоначалникот Бобан Стефковски ги посети децата од СОС Детско село и им подели подароци. Заедно со нив, согласно традицијата на Велики четврток, тие ги украсија велигденските јајца.

Придонесувањето за нечија среќа и радост, а особено за овие деца кои се останати без родителска грижа, е повеќе од неопходна.

### СОРАБОТКА СО ЦРВЕН КРСТ НА ГАЗИ БАБА



Темел на крводарителството се принципите на доброволност, анонимност, бесплатност и солидарност.

По тој повод, во Општина Гази Баба традиционално се одржуваат три крводарителски акции во текот на годината. Преку дарување на крв, крводарителот изразува највисок степен на солидарност кон сите оние на кои таа им е потребна, без оглед на етничка, верска припадност, возрасни граници и други поделби.

## ХРВАТСКАТА ПРАТЕНИЧКА МАРИЈАНА ПЕТИР НА СРЕДБА КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СТЕФКОВСКИ

Градоначалникот Бобан Стефковски беше домаќин на средбата со Маријана Петир, пратеник во Собранието на Република Хрватска и поранешен пратеник во Европскиот парламент.

На средбата Стефковски изрази благодарност до Маријана Петир за нејзината поддршка кон Република Македонија и македонскиот народ.

На средбата во просториите на Општина Гази Баба присуствуваа и пратеничката во Собранието на Република Македонија, Жаклина Пешевска и претседателката на Советот, Дијана Илиевска.





Во следниот период, општина Гази Баба ќе го развива Хрватско - Македонското пријателство преку реализација на заеднички проекти и активности.



## СРЕДБА СО ЏЕРАЛД ВЕЛЕР, ПОРАНЕШЕН КОНГРЕСМЕН ВО САД

Во просториите на Општина Гази Баба, градоначалникот Бобан Стефковски имаше конструктивна средба со Џералд Велер кој од 1995 до 2009 година бил член во преставничкиот дом во САД.

На средбата се разговараше за развивање на заедничка соработка преку реализација на проекти и активности од заеднички интерес.

Општина Гази Баба негува пријателски однос со САД, како стратешки партнер на Република Македонија.

## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ОПШТИНА СТАРА ПАЗОВА

Градоначалникот Бобан Стефковски заедно со претседателот на Сојузот на Стопански комори на Македонија Трајан Ангелески, претседателот на Здружението на граѓани Мир, слога, стабилност Димитрије Недиќ, како и вработени во општинската администрација беа во работна посета на општина Стара Пазова во Република Србија.

Општина Гази Баба потпиша меморандум за соработка со општина Стара Пазова, а беа разменети искуства за развојните потенцијали и можности, како и за идна соработка на неколку полиња од областа на културата, образованието, Тимот од Гази Баба направи посета во придружба на спортот и ЕУ фондовите. Градоначалникот на Стара Пазова, Ѓорѓе Радиновиќ, на повеќе индустриски капацитети во општина Стара Пазова, како куќата на фудбалот, компанијата Стамевски чии сопственици се по потекло од Македонија, германската компанија за авионски делови MTU, како и компанијата Транфери, која се занимава со транспорт и логистика.








Пред претставниците на компаниите беа презентирани инвестициските потенцијали со кои располага Општина Гази Баба и со кои се надеваме на идна соработка.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ

Со положување свежо цвеќе пред споменикот на првиот претседател на Македонија, Методија Андонов Ченто го одбележивме 9ти Мај, Денот на победата над фашизмот.

Пред споменикот на Ченто, свежо цвеќе положија: делегација на општина Гази Баба, делегација на Советот на општина Гази Баба, делегација на пратеници во Собранието на Р.М и делегации на месни и урбани заедници.

Вечна му слава на Методија Андонов Ченто, првиот претседател на Македонија.





## ПОЛОЖУВАЊЕ СВЕЖО ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ГОРАН СТОЈМЕНОВИЌ

Градоначалникот Стефковски положи свежо цвеќе пред споменикот на Горан Стојменовиќ од Инџиково, херој кој заедно со своите колеги Жарко, Ненад, Сашо, Бобан, Горан, Исамедин и Љубиша ги дадоа своите животи бранејќи го суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

## ВЕЧНА МУ СЛАВА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

По повод 120 години од смртта на идеологот на Македонската револуционерна организација, Гоце Делчев, делегација од општина Гази Баба положи свежо цвеќе и оддаде почит на неговиот гроб.

Ликот и делото на Гоце Делчев никогаш нема да бидат заборавени.



## ПОЛОЖУВАЊЕ СВЕЖО ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА БОБАН ИВАНОВИЌ



Делегација од Општина Гази Баба, предводена од градоначалникот Бобан Стефковски положи свежо цвеќе пред споменикот на Бобан Ивановиќ од населеното место Стајковци.

Тој е наш сограѓанин и жител на Општина Гази Баба, кој беше меѓу осумината храбри бранители кои го изгубија својот живот при терористичкиот напад во кумановско „Диво Насеље“.

## ПОЛОЖУВАЊЕ СВЕЖО ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ЗАГИНАТИТЕ КАЈ СМИЛКОВСКО ЕЗЕРО



На 12 април 2012 година на големиот христијански празник Велики Четврток на Смилковското езеро беа убиени Филип Славковски, Александар Накевски, Цветанчо Ацевски, Кире Тричковски и Борче Стевковски.

По тој повод, градоначалникот Бобан Стефковски положи свежо цвеќе пред споменикот на трагично загинатите.

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКЛУЧИ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО УСАИД






Општина Гази Баба е избрана за партнер на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ што значи продолжување на соработката на Општина Гази Баба со Амбасадата на САД, како стратешки партнер на Република Македонија.

Овој проект како крајна цел го има зголемувањето на сопствените извори на финансирање на единиците на локалната самоуправа, како и подобрување на процесот на децентрализација.

Проектот ќе се спроведува во следните 18 месеци, а потоа следува презентација од постигнатите резултати. Проектот е финансиран од страна на САД и има за цел создавање на партнерство за поефикасни општини.

## ОДБЕЛЕЖАН 15-ТИ МАРТ – НАЦИОНАЛНИОТ ДЕН НА УНГАРСКИОТ НАРОД



Градоначалникот Бобан Стефковски заедно со Амбасадорот на Унгарија во Република Македонија Н.Е Андраш Клајн, по повод одбележувањето на 15-ти Март, Националниот ден на Унгарскиот народ положија свежо цвеќе пред споменикот на Лајош Кошут, истакнат унгарски правник, политичар и вршител на должноста, претседател на Кралството Унгарија.

Општина Гази Баба негува одлична соработка со Унгарската амбасада и за таа цел е изграден парк на унгарско - македонско пријателство во Урбаната заедница Триангла.

Во рамки на одбележувањето на националниот ден во училиштата во општина Гази Баба се одржа литературен конкурс и најдобрите три творби кои беа изработени од учениците беа наградени.

## 19 ГОДИНИ ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БОРИС ТРАЈКОВСКИ



По повод одбележувањето на 19 годишнината од загинувањето на претседателот Борис Трајковски, градоначалникот Бобан Стефковски со делегација од Оштина Гази Баба положи свежо цвеќе на неговиот гроб.

Пред 19 години во авионска несреќа загина претседателот на Република Македонија Борис Трајковски со своите соработници.

## 9.000.000,00 ДЕНАРИ ДИРЕКТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА СПОРТСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА ВО 2023 ГОДИНА

### ФУТСАЛ ТУРНИР ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КЛУБОТ ЗА МАЛ ФУДБАЛ „ЖЕЛЕЗАРЕЦ“

Во населбата Железара по четврти пат се одржа футсал турнир, на кој се натпреваруваа екипи од генерација 2014 и 2015 година.

Овој турнир се реализираше со поддршка од Општина Гази Баба. Клубот за мал фудбал „Железарец“, како и сите останати клубови во нашата општина добиваат финансиска поддршка за реализација на проекти.



### МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ ШАХОВСКИ ТУРНИР



Во ООУ „Наум Наумовски Борче“ се одржа Меѓународниот младински рејтингуван шаховски турнир, на кој учествуваат талентирани ученици - шахисти.

Градоначалникот Стефковски на турнирот додели пехари и медали на најдобрите шахисти од 6, 8 и 10 години.

Голем е бројот на ученици од општината кои бележат високи резултати во сите спортски натпреварувачки категории.

### ГАЗИ БАБА ДОМАЌИН НА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО ВО КАРАТЕ СЕНИОРИ



Општина Гази Баба беше домаќин на Државното првенство во карате сениори во организација на Карате федерацијата на Македонија.

Учесниците кои остварија најдобри резултати ќе заминат на Европско првенство и ќе ја преставуваат Република Македонија.

### МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР "ИГРАМЕ ОД СРЦЕ ЗА АЛЕК"

Во просториите на општинското основно училиште „Вера Јоциќ“ беше одржан меморијалниот турнир во чест на младиот Алек Радуловиќ кој за жал го загубил својот живот.

Под мотото „Играме од срце за Алек“ сите присутни се потсетија на спортскиот и ведар дух кој во себе го имал младиот Алек.

Наскоро на местото на старото основно училиште „Вера Јоциќ“ ќе започне изградбата на нов спортски центар за кој, општината ќе предложи тој да го носи името на младиот Алек Радуловиќ, како би го зачувале споменот за него.

На овој спортски настан учествуваа ученици од сите општински основни училишта од трето одделение.




Оваа година, за прв пат, Сојузот на училишен спорт на општина Гази Баба во своето работење превзема и организирање на спортски активности за децата од одделенската настава со цел истите од најмали нозе да ги насочиме да чекорат по спортските патеки.

## МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО ЧЕСТ НА ГОРАН СТОЈМЕНОВИЌ

Во населеното место Инџиково се одржа традиционалниот меморијален турнир во мал фудбал во спомен на Горан Стојменовиќ, херој кој го загуби својот живот во одбрана на Македонија во настаните од Диво Насеље.

Хероите кои животот го дале за слободата на Македонија, а се жители на Општина Гази Баба никогаш нема да бидат заборавени.







## СЕ ОДРЖА 21-ОТ МЕЃУНАРОДЕН КАРАТЕ ТУРНИР "СОЛИДАРНОСТ ОПЕН"





Се одржа меѓународниот карате турнир "Солидарност опен" по 21 пат во спортската сала во ООУ „Крсте Мисирков", организиран од Карате клубот„ Солидарнот" на кој учествуваа повеќе од 600 натпреварувачи од пет различни држави.

## 17-ТИ ГРАНД ПРИ НАТПРЕВАР ВО СТРЕЛАЊЕ

На стрелиштето Камник се одржа 17-от Интернационален отворен турнир во стрелаштво GRAND PRIX SKOPJE 2023 во организација на Македонската спортска стрелачка федерација.

На реномираниот натпревар настапија повеќе од 200 натпреварувачи од Македонија и регионот во различни дисциплини во машка и женска конкуренција.





## ТУРНИР ВО ОЛИМПИСКО ТЕКВОНДО 2023

Градоначалникот Бобан Стефковски го отвори теквондо турнирот кој е во организација на Теквондо клубот Кобра.

Присутни на настанот беа и претседателот на Македонска Теквондо Федерација, Борче Костовски, градоначалникот на Општина Бутел Дарко Костовски и градоначалникот на Општина Ѓорче Петров Александар Стојкоски. Општина Гази Баба оваа година додели историски највисока финансиска поддршка за спортските клубови кои функционираат на територија на нашата општина.

Поддршката кон спортот од локалната самоуправа ќе продолжи и во иднина, бидејќи спортот е важен сегмент од животот на младите.













+389 2 322 66 55

OPSTINA@GAZIBABA.GOV.MK

Архимедова 2

WWW.GAZIBABA.GOV.MK

Општина Гази Баба

OPSHTINA.GAZIBABA

